**ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ХРИСТО УЗУНОВ – ОХРИД**

ООУ
„ХРИСТО УЗУНОВ“
ОХРИД

# ***И З В Е Ш Т А Ј***

***За извршена самоевалуација и предлог мерки за подобрување на квалитетот во наставата***

***Изготвил:***

***Комисија за самоевалуација***

***Јануари 2024***

**ТИМОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА САМОЕВАЛУАЦИЈА, УЧЕБНА 2023 – 2024 г.**

1. **ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ВО УЧЕЊЕТО**

    - ВОДИЧ – Наташа Пупиноска

    - Лидија ЦветковиЌ
    - Валентина Митреска
    - Билјана Чингоска
    - Оливија  Пирузева Јанева

2. **ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ**

    - ВОДИЧ – Виолета Китеска

    - Ирена Бачева
    - Соња Здравеска
    - Наташа Тренеска
    - Жаклина Здравеска

3. **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И НА ВОСПИТУВАЧИ И НА РАКОВОДНИОТ КАДАР**

- ВОДИЧ – Бојана Цветаноска  Петреска

- Марија Мостро
- Јулија Ристески
- Сава Костоска
- Љубинка Стефаноска Јовановиќ

4. **УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**

    - ВОДИЧ – Елена Нически

    - Катерина Златева
    - Димитар Рилкоски
    - Наташа Ѓоргиеска
    - Марија Јосифоска

5. **КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

    - ВОДИЧ – Весна Шопоска
    - Светлана Климоска

- Соња Недеска
- Кристина Крстеска Николоски
- Славчо Китаноски

**6. УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

ВОДИЧ – Слаѓана Митреска

- Татјана Пановска
- Бојан Љушкоски
- Наташа Талеска
- Тања Буџакоска

**7. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА**

ВОДИЧ – Вера Зороска

- Владо Андрески
- Валентина Пипоска
- Тони Симоновски
- Павлина Спасеска

## Комисија за изготвување извештај од самоевалуацијата на училиштето

- Александар Толески, заменик директор
- Дијана Јулоска, педагог
- Билјана Аслимоска, дефектолог
- Јованка Петреска, родител
- Соња Јовева, наставник

**Директор, Марина Ѓоргоска**

Во текот на учебната 2023/2024 година во текот на месец Ноември, Декември и Јануари во училиштето Христо Узунов – Охрид, се спроведе процес на Самоевалуација на работата на училиштето за претходните две учебни години.

За спроведување на самоевалуацијата се формираа Тимови за самоевалуација кои беа задолжени да го спроведат процесот на самоевалуација користејќи различни методи и техники за доаѓање до бараните податоци по подрачја на Самоевалуација и по дадените индикатори.

Со самоевалуацијата се анализираа следните подрачја:

1. ***Организација и реализација на наставата и учењето***
2. ***Постигања на учениците***
3. ***Професионалниот развој на наставниицте, стручните соработниц и воспитувачи и на раководниот кадар***
4. ***Управување и раководење***
5. ***Комуникација и односи со јавноста***
6. ***Училишна клима и култура***
7. ***Соработка со родителите и локалната средина***

За секое подрачје се испитуваа определени индикатори за квалитет на самото подрачје.

Анализата се изведува по подрачја што се однесуваат на определени активности кои се реализираат во училиштето, користејќи притоа различни методи и техники како на пример: увид и анализа во педагошка евиденција и документација, увид во годишни, тематски и дневни планирања на наставници и стручни соработници , наблудување, анкетирање, разговор, записници од наставнички совет, записници од совет на рродители, извештај за работа на училиштето, Годишна програма за работа на училиштето, евиденција од работатата на стручните соработници.

Со самоевалуацијата беа опфатени сите вработени во училиштето, родителите на учениците и самите ученици.

Целтта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работењето да се добие слика за квалитетот на работењето,напредокот и постигањата на учениците,јаките но и слабите страни за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето.На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните

активности.Заедничка цел за сите субјекти во училиштето е слабите страни да се што помалку, а јаките да се одржуваат,односно зголемуваат.

Според добиените податоци од извршената Самоевалуација,Комисијата и тимовите за самоевалуација на училиштето ги детектираа слабите и јаките страни кои претставуваат збир на целокупната состојба и работа во училиштето по сите седум подрачја:

***Подрачје 1.ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО***

***Индикатори:***

1.1.Реализација на наставните планови и програми

1.2.Квалитет на наставните планови и програми

1.3.Воннаставни активности

1.4.Планирање на наставниците

1.5.Наставен процес

1.6.Искуства на учениците од учењето

1.7.Задоволување на потребите на учениците

1.8.Оценувањето како дел од наставата

1.9.Сместување и просторни капацитети

1.10.Наставни средства и материјали

Јаки страни:

- Наставата се организира согласно наставните планови и програми.
- Наставниот кадар е стручен и компетентен за реализација на наставните планови и програми, подготвени од МОН и БРО.

- Наставниците изготвуваат годишни и тематски процесни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.
- Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи и подактиви.
- Училиштето зема активно учество на семинарите и вебинарите во текот на учебната година.
- Училиштето соработува со невладини организации и локалната средина.
- Учениците слободно заедно со своите родители избираат кој слободен изборен предмет ќе го изучуваат или која слободна изборна активност.
- Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои воннаставни активности ќе учествува.
   Учениците кои го афирмираат училиштето и постигнуваат високи резултати на натпреварите, училиштето им доделува дипломи и сертификати.

- Квалитетно изготвување на годишни и тематски – процесни планирања.

- Навремено доставување на годишни и тематски – процесни планови.
- Размена на искуства стекнати на семинари помеѓу наставниците на ниво на активи или онлај средби.
- Интерактивна настава со примена на интерактивни форми, методи и техники на учење и поучување.
- Следење на напредокот на учениците.
- Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.
- Не постои никаква родова и етничка поделеност во училиштето.
- Секој ученик има целосна поддршка и од педагошко-психолошката служба, во решавањето на воспитно-образовните проблеми.
- За учениците кои имаат потешкотии во учењето се одржува дополнителна настава.
- Практична примена на стекнатите знаења на учениците.
- мотивираноста на наставниците за меѓусебна соработка и помош за надминување на проблемите
- Различни форми, и методи за оценување на постигањата на учениците.
- Позитивен и професионален однос кон учениците и родителите.
- Соработка со родителите.

- Развивање на иницијативност за меѓусебна соработка и помош, заедничко дружење и надминување на верски, национални, социјални бариери.
- Максимално се користат расположливите капацитети за изведување на наставата.
- Училишната библиотека располага со потребните лектирни изданија и е добро средена и достапна на учениците.
- Во училиштето работи квалификуван и оспособен наставен кадар кој работи тимски и друг административно-технички персонал.
- За учениците со посебни потреби задоволена е потребата од вклучување на дефектолог и образовни асистенти.
- Оспособен е простор за мала сала за ФЗО во одделенска настава.
- Опремени се дел од кабинетите и канцелариите со канцелариски мебели техника.
- Реновирани санитарни јазли, подовите, дограмата и кровот на училиштето.
- Набавени се нови клупи и столчиња за училниците од одделенска настава.
- Набавка на компјутери за секоја училница и смарт табли за училниците во прво и четврто одделение.
- Набавени печатари и ТВ приемници.
- Опремување на кабинет специјализиран за изведување на наставата по природните науки.

Слабости

- Постојните нагледни средства и технички помагала во целост не ги задоволуваат потребите за реализација на современа настава.
- Оптовареност на учениците со неделен фонд часови и содржини по поедини наставни предмети од старата концепција.
- Во предметна настава има потреба од поголема примена на активни форми и техники на учење за мотивирање на учениците.
- Во предметна настава има потреба од естетско уредување на училниците.
- Потреба од мотивирање на учениците преку примена на истражувачки постапки и проекти во наставата.

- Обновување на инвентарот (табли и шкафчиња) и столаријата во дел од училниците.
- Набавка на стручна литература.
- Задоволување на потребите од потрошен материјал за наставата.
- Затоплувањето во салата за Ф30.
- Нема компјутер и пристап до интернет во библиотеката.
- Родителите сами си го финансираат потрошниот материјал потребен за квалитетно изведување на наставната програма.
- Потреба од фасадирање на салата за ФЗО и училишната зграда.
- Доградба на уште една училница која ќе служи како креативна работилница или просторија за одржување на некои слободни изборни предмети.

### *Подрачје 2.ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ*

**Индикатори:**

2.1.Постигања на учениците

2.2.Задржување/осипување на учениците

2.3.Повторување на учениците

2.4.Известување за напредокот на учениците

2.5.Следење на напредокот на учениците

2.6.Промовирање на постигањата на учениците

Јаки стани:

- Континуирано следење на постигањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување;
- Училиштето организира додатна настава за да им овозможи на надарените ученици да ги развиваат своите потенцијали;
- Постои систем на идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни потреби;
- Комуникација со локалната заедница;
- Следење и анализирање на редовноста на учениците;
- Надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар и учениците во училиштето;
- Во училиштето се врши евиденција на неоправданото отсуство од наставата;
- Постои соработка со родителите и стручните соработници .
- Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата , редовноста и поведението на учениците

- Во училиштето има добра соработка меѓу стручната служба, учениците, родителите и наставниците во однос на резултатите и постигањата на учениците.

- Во училиштето се води анализа на севкупниот успех на учениците по паралелки врз основа на индивидуалните извештаи за учениците
- ......
- Јакнење на капацитетите на училиштето во работата со деца со посебни потреби (кабинет, наставни средства, семинари за дефектолози, соработка со надворешни професионалци ,соработка со Ресурсен центар- Битола , Центар за ментално здравје и Завод за рехабилитација на слух, говор и глас)

**Слабости**

- Системско усовршување на наставничкиот потенцијал за работа со ученици со тешкотии во учењето,
- Не постои систем за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици
- Недостаток на асистивна технологија за работа со ученици со ПОП

***Подрачје 3.ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ,СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР***

**Индикатори:**

3.1.Обезбедување на потребниот наставен кадар

3.2.Следење на развојните потреби на наставниот кадар

**Јаки страни:**

- Целокупниот наставен кадар е во согласност со нормативите за работа и Законот за основно образование.
- Има целосна подршка за едукација на наставниот кадар од страна на директорот и тимот за професионален развој
- Голема мотивираност и амбициозност на наставниците за следење на вебинари и друг тип на едукации

**Слабости**

- Финансиски дефицит на училиштето за континуирано едуцирање на наставниот кадар,надвор од рамките на МОН и БРО

## *Подрачје 4.УПРАВУВАЊЕ,РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА*

**Индикатори:**

4.1.Управување

4.2.Раководење

**Јаки страни**:

➢Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето, работи согласно изготвена програма и деловник за работа

➢Раководниот орган заедно со наставниот кадар преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства.

Остварува: комуникации и односи со јавноста; унапредување на меѓучовечките односи; професионален и кариерен развој и обезбедување кадар; планирање, поддршка на наставата и учењето; обезбедување на квалитет,создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците; раководење со финансиски и материјални ресурси.

➢ Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на ООУ и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН.

➢ Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваатнасоките дадени од МОН И БРО.

➢ Постои интерен правилник за пофалби и награди на учениците.

➢ Родителите и учениците се информираат за наставните планови и програми ➢ Содржините на наставните планови и

➢ Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите

➢ Училиштето ги поттикнува учениците во вклучување на различни воннаставни активности ,

➢ Континуирано се применуваат јасни правила на однесување

➢ Континуирано се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование ➢ Редовно се реализираат планирани систематски прегледи на вработените и учениците

**Слаби страни**

Училиштето не воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Вработените во училиштето не се еднакво запознаени со финансиското работење на училиштето

Дел од нив изјавија дека не се доволно запознаени со одлуките на УО и од транспарентноста на Училишниот парламент.

***Подрачје 5.КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА***

**Индикатори:**

5.1.Комуникации на ниво на училиште

5.2.Комуникации на ниво на училница

5.3.Комуникации со окружувањето на училиштето

**Јаки страни:**

- Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно –образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО.

- Добро воспоставена комуникација помеѓу наставник - наставник, наставник - ученик, наставник - родител, наставник - директор и сите чинители на воспитно образовната дејност.
- Редовна и континуирана соработка со окружувањето на училиштето и локалната заедница.
- Училиштето има партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво.
- Постои добра комуникација на ниво на училиште
- Постои взаемна почит меѓу сите чинители во училиштето
- Солидна соработка и комуникација со окружувањето на училиштето

**Слабости**

- Потреба од доследно почитување на куќниот ред и кодексот на однесување на сите чинители во училиштето и надвор од него
- Слаба едукација на кадарот, родителите и учениицте од областа на комуникацијата и односите

***Подрачје 6.УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА***

**Индикатори:**

6.1.Севкупна грижа за учениците

6.2.Здравје на учениците и сите вработени

6.3.Соодветна помош за понатамошно образование на учениците

6.4.Училишна клима и односи во училиштето

6.5.Промовирање на постигањата на учениците

6.6.Еднаквост и правичност

6.7.Финансиско работење на училиштето

6.8.Цели и креирање на училишната политика

6.9.Развојно планирање на училиштето

**Јаки страни:**

- Сите средства кои се слеваат на жиро сметките се строго наменски и се употребуваат за онаа цел за која се наменети. На тој начин се врши контрола над нивното трошење
- Добиени се многу награди, пофалници, дипломи, благодарници од натпревари, конкурси и манифестации,
- Интерна и медиумска промоција на успесите на учениците и наставниците.
- Учество на општински, регионални, републички и меѓународни натпревари.
- Училиштето води грижа за емоционалното, менталното и социјалното здравје на учениците
- Училиштето успешно се справува со недисциплина и појава на насилство
- Училиштето води грижа за правата и достоинството на учениците
- Училиштето води грижа за учениците со ПОП, ученици со потешкотии, ученици од ранлива категорија како и за талентирани и надарени ученици
- Училиштето редовно ги имформира родителите за напредокот и слабостите на нивните деца
- Училиштето води грижа за правилна, здрава и квалитетна храна на учениците
- Стручната служба врши идентификација на ученици со потешкотии, од ранливата категорија и ученици со ПОП
- Училиштето води максимална грижа и помош за учениците од социјално загрозени семејства
- Во училиштето се реализира програма за професионално информирање и ориентирање на учениците за продолжување на образованието
- Комуникацијата помеѓу вработените е на високо ниво
- Училиштето е препознатливо во локалната средина по квалитети и по постигнувања на учениците како и добра атмосфера и клима
- Не постои дискриминација во училиштето според пол, националност и социјален статус
- Редовно се промовираат постигнувањата на учениците и наставниците во локалната средина
- Училиштето има воспоставено процедура преку која што се врши дисеминација. Обучените наставници го споделуваат своето стекнато знаење преку стручните активи и преку индивидуалната и тимска соработка со колегите.

- Креирањето на училишната политика се базира на изготвениот Развоен план и соработката со сите стручни органи и тела во училиштето

**Слаби страни**

- Хигиената во училиштето не е на завидно ниво
- Мала вклученост на учениците во креирањето на политиките на училиштето
- Недоволно почитување на кућниот ред и дежурството на училиштето и правилата на однесување од страна на некои вработени и ученици
- Вработените не се запознаени со финансиското работење на училиштето

***Подрачје 7.СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА***

**Индикатори:**

7.1.Партенрски однос со родителите,локалната и деловната средина

**Јаки** страни:

- **Отвореност на училиштето кон проекти и промени во реализација на невладиниот сектор,бизнис заедницата и др.институции**

- **Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализација на разновидни активности и манифестации од локален карактер**
- **Училиштето е отворедно за соработка со родителите**
- **Училиштето постојано изнаоѓа стратегии за соработка со невладини институции и други организации како истите би донирале во училиштето**

**Слаби страни**

- Немање иницијативи од родителите за подобрување на условите во училиштето,или доколку ги има тие не даваат резултат.

При изготвување на Самоевалуацијата и Извештајот од истата,Комисијата се раководеше според подрачјата за квалитет на работењето на училиштето дадени во Законот за основно образование.Користејки ги постоечките извори на податоци,постапки и инструменти за собирање на истите,резултатите покажаа дека училиштето во голема мера ги исполнува критериумите за квалитет,односно се издвојуваат повеќе јаки страни, а се минимизирани слабите страни.

Според извршената самоевалуација,комисијата донесе одредени предлог мерки или **приоритети** , со кои би се надминале детектираните слабости во

насока на подобрување,осовременување и унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето.

***ПРЕДЛОГ МЕРКИ***

- Обновување на инвентарот и столаријата во училиштето.
- Фасадирање на училишната зграда.
- Изнаоѓање решенија за задоволување на потребите за потрошен материјал за учениците и наставниците
- Обезбедување на сензорна  соба за ученици со ПОП
- Воспоставување систем за идентификација на надарени и талентирани ученици
- Обезбедување на финансиски можности за едуцирање на наставниците за стекнување со знаења од разни акредитирани куќи,релевантнни институции и престижни едукативни центри
- Запознавање со финансиското работење на училиштето и одлуките на Училишниот одбор
- Воспоставување на партнерски односи со други училишта од државата за МИО и други проектни активности
- Почитување на куќниот ред и кодексот на однесување од страна учениците и вработените
- Едукација на воспитно-образовниот кадар за јакнење на капацитетите во комуникацијата и меѓусебните односи
- Создавање на квалитени просторни и технички услови кои овозможуваат квалиутетна комуникација меѓу сите субјекти во образованието
- Подобрување на хигиената во училиштето
- Доследно почитување на куќниот ред во училиштето
- Одговорно извршување на дежурството на наставниците
- Потреба од обучување на наставниците за теми кои се поврзани со педагошко-психолошка и дефектолошката проблематика
- Мотивирање на родителите за активно вклучување во подобрувањето на условите за работа на училиштето

*Јануари 2024*

*Комисија за самоевалуација:*

*Дијана Јулоска -педагог*

*Билјана Аслимоска -дефектолог*

*Александар Толески –заменик директор*

*Соња Јовева –наставник*

*Јованка Петреска- родител*